Group of States against Corruption
Groupe d'États contre la corruption

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Усвојување: 25 септември 2020 г.
Објавување: 2 октомври 2020 г.

GrecoRC4(2020)4

# ЧЕТВРТ КРУГ НА ЕВАЛУАЦИЈА

Спречување на корупција кај пратениците, судиите и обвинителите

# ВРЕМЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА УСОГЛАСЕНОСТ

# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Усвоен од страна на ГРЕКО на неговата 85-та пленарна седница

(Стразбур, 21-25 септември 2020 година)

ЧЕТВРТ КРУГ НА ЕВАЛУАЦИЈА

## I. ВОВЕД

1. Овој Времен извештај за усогласеност ги оценува мерките што ги преземаат властите на Северна Македонија за спроведување на препораките дадени во Четвртиот извештај за евалуација на државата (види став 2) кој се однесува на „Спречување корупција кај пратениците, судиите и обвинителите”.

2. Извештајот за евалуација за Четвртиот круг за Северна Македонија беше усвоен на 62-та пленарна седница на ГРЕКО (6 декември 2013 година) и беше објавен на 17 март 2014 година, а по одобрувањето од страна на властите на Северна Македонија (GrecoEval4Rep(2013)4E). Соодветниот Прв Извештај за усогласеност беше усвоен на 72-та пленарна седница на ГРЕКО (1 јули 2016 година) и објавен на 12 октомври 2016 година (GrecoRC4(2016)8).

3. Во Вториот извештај за усогласеност (GrecoRC4(2018)6) усвоен од ГРЕКО на неговата 80-та пленарна седница (22 јуни 2018 година) и објавен на 9 август 2018 година, по одобрувањето од страна на Северна Македонија, беше заклучено дека Северна Македонија спровела во задоволителна мера или се справила на задоволителен начин со шест од деветнаесетте препораки содржани во Извештајот од Четвртиот круг на евалуација. Со оглед на ваквиот резултат, ГРЕКО заклучи дека многу ниското ниво на усогласеност е „генерално незадоволително‟ во смисла на правилото 31, став 8.3 од Деловникот. Затоа, ГРЕКО одлучи да го примени правилото 32, став 2 (1) во врска со членките кои смета дека не постапуваат во согласност со препораките содржани во заедничкиот евалуационен извештај и побара од Шефот на делегацијата на Северна Македонија да обезбеди извештај за постигнатиот напредок во спроведувањето на преостанатите неимплементирани препораки (имено, препораките i до v, vii, xi, xii, xiv до xvi, xviii и xix) најдоцна до 30 септември 2019 година. Овој извештај беше примен на договорениот датум и, заедно со информациите доставени подоцна, служеше како основа за овој Времен извештај за усогласеност.

4. ГРЕКО ги избра Ерменија и Данска да назначат свои Известувачи за постапката за усогласување. Известувачите кои беа избрани беа г-ѓа Маријам Галстијан во име на Ерменија, и во име на Данска - г-дин Андерс Дирвиг Рехендорф, виш обвинител и државен обвинител за сериозен економски и меѓународен криминал. При изготвувањето на овој Времен извештај за усогласеност, ним им беше обезбедена помош од страна на Секретаријатот на ГРЕКО.

5. Овој Времен извештај за усогласеност го оценува натамошното спроведување на тринаесет препораки кои преостануваат од усвојувањето на Вториот извештај за усогласеност и врши сеопфатна проценка на нивото на усогласеност на Северна Македонија со овие препораки.

## II. АНАЛИЗА

*Спречување корупција кај пратениците*

**Препорака i.**

6. *ГРЕКО препорача (i) брзо продолжување со изготвувањето на кодекс на однесување за членовите на Собранието и обезбедување дека идниот кодекс е лесно прифатлив за јавноста; (ii) воспоставување на соодветен механизам во рамките на Собранието, со цел и да се промовира кодексот и се подигне свеста меѓу членовите на Собранието за стандардите кои се очекуваат од нив, но исто така и да се спроведуваат таквите стандарди каде што е потребно;*

7. ГРЕКО потсетува дека оваа препорака беше делумно имплементирана во Вториот извештај за усогласеност. Првиот дел од препораката беше исполнет преку усвојување на Кодекс за етичко однесување на пратениците во Собранието. Тогаш беше наведено дека доследноста на правилата ќе бара дополнителна доработка. Кога станува збор за вториот дел на препораката, механизмот за спроведување требаше допрва да стане целосно функционален (требаше да се усвојат соодветните постапки и други правила за спроведување) и да се докаже неговата делотворност. Сите одредби од Кодексот требаше да бидат преточени во соодветни прекршоци, а казнените мерки за прекршувањата на кодексот да се заострат. Мерките за промоција и подигање на свеста требаше да бидат преиспитани откако објективно ќе се реализираа првично најавените мерки (објавување, обука) и другите можни иницијативи.

8. Властите сега известуваат дека во јануари 2019 година Собранието усвоило измени и дополнувања на Кодексот за етичко однесување на пратениците во Собранието со преработени правила за судир на интереси, подароци и казнени мерки кои веднаш потоа биле објавени во Службениот весник на државата. Во јули 2019 година, надлежното надзорно тело, т.е. Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието, донело "Правила за водење на постапката за утврдување на сторени лесни и тешки повреди и изрекување на мерки утврдени во Кодексот за етичко однесување на пратениците на Собранието", кој исто така вклучува и Образец за пријавување подароци. Покрај тоа, во април 2019 година, со поддршка на француската амбасада во земјата, се одржала обука за пратениците на тема „Мерки за промовирање на Кодексот за етичко однесување на пратениците и подигнување на свеста за неговата содржина "на која присуствувале 35 пратеници.

9. ГРЕКО ги бележи активностите кои се преземени со цел исполнување на оваа препорака. Измените и доплонувањата на Кодексот за етичко однесување на пратениците со кои во истиот се вметнати правила за судир на интереси, подароци и казнени мерки одат во вистинска насока, но во некои аспекти не ја подобруваат јаснотијата или доследноста на Кодексот. Одредбите за конкретни мерки што треба да се преземат во случај на можен судир со приватен интерес на пратеникот не се јасни. Одредбите за подароците се повторливи[1] и контрадикторни[2]. Одредбите кои се преклопуваат не се прилагодени на начинот којшто беше побаран претходно. Сепак, казнените мерки за прекршување на Кодексот се проширени. Се чини дека сè уште треба да се развива подигањето на свеста и едукацијата на пратениците за Кодексот. Според тоа, потребен е натамошен напредок на ова поле.

10. ГРЕКО заклучува дека препораката i останува делумно имплементирана.

**Препорака ii.**

11. *ГРЕКО препорача да се развијат интерни механизми и водичи во рамките на Собранието во однос на превенцијата на судир на интереси и прифаќање на подароци, гостољубивост и други погодности и соодветно да се мониторира постапувањето по овие правила.*

12. ГРЕКО потсетува дека оваа препорака не беше спроведена во Вториот извештај за усогласеност. Во однос на насоките и сличните механизми, ГРЕКО очекуваше да се дадат дефиниции, конкретни објаснувања и примери, а конкретно во врска со законодавните и управните активности на пратеникот. Беше

[1] Членови 5, 10 и Поглавје III-а (членови 12-а, 12-б, 12-в и 12-г).

[2] Според членовите 5 и 12 - подароци смее да се примаат. Членот 10 е насловен „Забрана за примање подароци" и содржи сеопфатна забрана за барање или примање подароци.

забележана краткоста и недоследноста на Кодексот за етичко однесување на пратениците во однос на правилата на кои треба да се придржуваат пратениците кога станува збор за прашањето на судир на интереси и примање подароци. Во однос на следењето и усогласеноста, ГРЕКО беше задоволен што Кодексот предвидува конкретен механизам за надзор. Сепак, прекршувањата на правилата за судир на интереси кои се определуваат како прекршувања на Кодексот само во ситуации поврзани со гласање во Собранието, како и прекршувањата на одредбите поврзани со подароците не беа прецизно опфатени.

13. Властите сега известуваат дека Собранието, во соработка со Националниот демократски институт, ОБСЕ/ОДИХР и швајцарската амбасада во државата подготвило Упатство за пратениците за јасно проблематичните ситуации и поведението што се очекува од нив конкретно во однос на нивните законодавни и администаривни активности. Тие биле усвоени во февруари 2020 година од страна на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието и потоа биле објавени на официјалната веб-страница на Собранието. Претходно, во ноември 2019 година, се одржала подготвителна работилница за пратеници, вработени во стручната служба на Собранието, научни експерти, невладини организации и експерти на ОБСЕ за содржината на идното Упатство. Исто така, се упатува и на новите одредби од Кодексот кои се однесуваат на судирот на интереси, прифаќањето на протоколарни подароци и казнените мерки во врска со истите.

14. ГРЕКО го зема во предвид усвојувањето на низа измени и дополнувања на Кодексот за етичко однесување на пратениците со кои се воведуваат внатрешни механизми за спречување на судир на интереси и за пријавување на подароци, како и за утврдување прекршувања кои повлекуваат казнени мерки. Во случај на постоење сомнеж за судир на интереси, пратеникот е должен да побара мислење од Државната комисија за спречување на корупција и да достави примерок од истото до Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието. Сепак, како што веќе беше посочено погоре (сп. Препорака i), Кодексот не содржи одредби за начинот на однесување и постапките кои се бараат од пратениците во различни ситуации на можно постоење на судир на интереси (т.е. нивно повлекување од комисии, расправи, гласања), па така, истиот само предвидува дека, во случај на можен судир на интереси, пратеникот е должен да ги преземе „сите неопходни мерки" за да се спречи влијанието на приватниот интерес.

15. Веќе е спомената недоследноста на одредбите кои се однесуваат на примањето подароци (сп. Препорака i). ГРЕКО е задоволно што сите подароци сега треба да бидат пријавени, проценети и внесени во јавниот регистар што го води Генералниот секретар на Собранието. Сепак, разграничувањето меѓу странски и домашни подароци во однос на применливите прагови и постапки за задржување заслужува дополнително разјаснување (членови 12-а и 12-б). Исто така, примањето гостољубивост и други предности треба да биде прецизно опфатено.

16. ГРЕКО начелно го поздравува усвојувањето на Насоки за примената на Кодексот за етичко однесување на пратениците. Како што беше посочено, овој документ е прилично краток (3 страници, во споредба со 9 страници на измените и дополнувањата на Кодексот) и не ги исполнува барањата на препораката, т.е. наместо да дава насоки и објаснувања, тој ги повторува постојните правила, упатува на нив или поставува нови стандарди/начела. ГРЕКО очекува дека ќе биде разработен поопширен документ кој содржи натамошни објаснувања и примери. Како што веќе беше забележано, Кодексот исто така бара прилагодувања. Конечно, откако ќе добие поконкретни

информации за неговото функционирање, ГРЕКО ќе треба да ја оцени вистинската улога и активности на надзорното тело, т.е. на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието.

17. ГРЕКО заклучува дека препораката ii е делумно спроведена.

**Препорака iii.**

18. *ГРЕКО препорача да се воведат правила за односите на пратениците со лобисти и други трети лица кои настојуваат да влијаат врз законодавниот процес.*

19. ГРЕКО потсетува дека оваа препорака не беше спроведена во Вториот извештај за усогласеност, имајќи предвид дека не беа преземени никакви активности или поднесени конкретни предлози во врска со ова.

20. Властите сега известуваат дека, во декември 2018 година, Министерството за правда започнало процес на изработка на нов Закон за лобирање, кој треба да го замени постојниот закон кој е усвоен во 2011 година и да ги земе предвид препораките на ГРЕКО и Препораката CM/Rec(2017)2 за правно регулирање на лобирањето при носењето на јавни одлуки. Предлог-законот наведува дефиниција за лобирањето и ги регулира, меѓу другото, условите за добивање статус на лобист/лоби организација, нивната регистрација и обврски, водењето на Регистарот на лобисти, но предвидува и казнени мерки во случај на непочитување на истите. Нацртот го опфаќа лобирањето во законодавната, извршната и локалната власт. Ја зајакнува надзорната улога на Државната комисија за спречување на корупција во однос на лобирањето и ја пренесува одговорноста за водење на Регистарот врз неа (истото моментално е надлежност на Собранието). Властите нагласуваат дека нацртот ќе важи за секој што се смета за трета страна, наместо само за лобистите/лоби организациите. Нацртот е доставен до Собранието, но неговото усвојување е неизвесно поради предвремените парламентарни избори.

21. ГРЕКО ја одбележува намерата на властите да го подобрат квалитетот на Законот за лобирање од 2011 година, меѓу другото со проширување на неговиот опсег на начин на кој ќе ја опфаќа секоја трета страна. Колку и да ја поздравува оваа иницијатива, ГРЕКО потсетува дека препораката конкретно цели кон обезбедување збир на правила за транспарентно однесување на пратениците при нивната комуникација за тековни предлог-закони со лобисти и други трети страни надвор од седниците на Собранието и неговите комисии. ГРЕКО жали што претходните планови за вметнување на соодветни правила во идниот Кодекс за етичко однесување на пратениците (сп. став 18 од Првиот извештај за усогласеност) очигледно се откажани. Во однос на Законот за лобирање, ГРЕКО забележува дека постојниот закон веќе утврдува обврска за законодавната и за извршната власт на централно ниво да усвојуваат внатрешни акти што ја регулираат постапката за лобирање. Новиот нацрт-закон попрецизно ја опишува оваа обврска и пропишува утврдување одговорност за неисполнување на таквата обврска само кај „раководители на засегнати органи". Како резултат, од материјална гледна точка, состојбата не е подобрена во споредба со времето кога беше усвоен Извештајот за евалуација. Од оваа причина, ГРЕКО заклучува дека препораката останува неспроведена и повторно ги повикува властите да ги продолжат своите напори за целосно почитување и спроведување на конкретната содржина на оваа препорака.

22. ГРЕКО заклучува дека препораката iii и понатаму не е спроведена.

**Препорака iv.**

23. *ГРЕКО препорача да се обезбеди (i) релевантните закони да предвидуваат казнени мерки за сите повреди кои ги пропишуваат и (ii) да се преземат соодветни активности за извршување во сите случаи на повреда на правилата од страна на членовите на Собранието.*

24. ГРЕКО потсетува дека оваа препорака не беше спроведена во Вториот извештај за усогласеност. Напредок не е постигнат во однос на првиот дел од препораката. Што се однесува до вториот дел, ГРЕКО го поздрави известувањето за дејствијата кои ги презела Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) во однос на пратениците, истакнувајќи дека истите сепак се однесувале само на анкетните листови за нивната имотна состојба и дека не биле достапни доследни и убедливи податоци за конечниот исход од постапките или за казните кои се примениле во согласност со регулативата.

25. <u>Властите</u> сега известуваат дека во јануари 2019 година бил донесен нов Закон за спречување корупција и судир на интереси, кој пропишува казни за сите утврдени повреди на истиот. Соодветните (прекршочни) постапки треба да ги спроведува и казните (парични) да ги изрекува нововоспоставената Комисија за прекршоци во рамките на ДКСК која е составена од пет државни службеници од ДКСК. Обезбедена е постапка за порамнување и подразбира издавање прекршочен платен налог во согласност со Законот за прекршоци. Од февруари 2019 година, ДКСК ги презела следните активности:

| **A. Пријавување на имотна состојба и интереси** |
|---|
| Февруари-декември 2019 година: издадени 117 прекршочни платни налози, од кои 100 за утврдена повреда на член 82 (пријавување на имотна состојба и интереси). Сторителите платиле половина од пропишаната парична казна во 94 случаи, 41 постапки се во тек, а во два случаи е поднесена прекршочна пријава до Комисијата за прекршоци за кои се изречени казнени мерки (парични казни). Во 2019 година, до Комисијата за прекршоци на ДКСК биле доставени вкупно 14 барања за поведување прекршочни постапки, од кои 10 се решени, а четири од нив се во постапка; парични казни се изречени во девет случаи. |
| **B. Судир на интереси** |
| Од февруари 2019 година: 66 случаи се отворени по службена должност; 29 од нив се во тек, а 37 се затворени. 364 случаи се покренати по други основи (пријави, барања за мислење), од кои 221 се во тек, а 143 се затворени. Отворени се 25 случаи на редовно разгледување на изјавите за интереси за 2017 година, од кои шест се во тек, а 19 се затворени. Изречени се две јавни опомени за непостапување по барање на ДКСК. Барањата беа поднесени до надлежните органи како што следува: 16 барања за утврдување одговорност на службено лице и две барања за утврдување кривична одговорност на службено лице. Донесени се две одлуки за барање на поништување на решенија за назначување и вработување, а издадени се и две барања за обезбедување докази за ослободеност на постапки за вработување од можно политичко влијание или судир на интереси. Дополнително, ДКСК по сопствена иницијатива отворила случаи против непотизам, од кои 17 се однесуваат на пратеници, пет на судии и тројца на владини министри. Како резултат на тоа, осум „блиски лица" на четири пратеници поднеле оставки. |

26. Властите исто така известуваат дека, во мај 2019 година, Претседавачот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието поднел оставка од функцијата во Комисијата и од пратеничкото место во Собранието од етички причини[3]. Властите ја толкуваат оваа оставка како знак на интегритет и придржување кон етичките стандарди.

27. <u>ГРЕКО</u> го зема во предвид режимот на санкционирање воспоставен според новиот Закон за спречување корупција и судир на интереси (ЗСКСИ). Додека повеќето прекршувања содржани во законот се предмет на санкции[4], одредени

[3] Пратеникот дозволил еден од неговите приватни телефонски разговори да биде снимен од таксист и објавен во јавноста. Иако ова не претставува прекршок, таквото однесување се смета за недостоинствено од пошироката јавност.

[4] На пример, неподнесување изјава за интерес, непочитување на одредена неспоивост на функции и позиции и ограничувања за периодот по вработувањето, како и воспоставување деловни односи со поврзани правни лица

прекршувања, како на пр. впуштање во лобирање за време на извршување на јавна функција и една година по престанокот на правото на јавна награда, остануваат да бидат опфатени. Може да се забележи дека утврдените санкции (парични казни од 300 до 500 ЕУР) се намалени во споредба со санкциите предвидени во претходно постоечката регулатива (од 500 до 1000 ЕУР). Затоа, ГРЕКО не смета дека одредени прашања истакнати во Извештајот за евалуација (сп. Ставови 76, 77 и 80) се разрешени.

28. Што се однесува до вториот дел од препораката, иако властите презентираа обемни податоци во врска со истото, не е јасно кои случаи засегаат пратеници, освен оние поврзани со непотизам кои, како што ГРЕКО тоа го разбира, не се опфатени од ЗСКСИ. ГРЕКО би сакало да потсети дека сегашната препорака се однесува на потребата за преземање делотворни дејства во согласност со ЗСКСИ. ГРЕКО жали што сè уште не се достапни убедливи податоци за конечниот исход од покренатите постапки против пратениците, ниту за казните кои се применети во согласност со регулативата.

29. <u>ГРЕКО заклучува дека препораката iv е делумно имплементирана.</u>

*<u>Спречување на корупција кај судиите</u>*

**Препорака v.**

30. *ГРЕКО препорача, со цел да се зајакне независноста на судството од несоодветно политичко влијание, да се укине членството на министерот за правда по службена должност во Судскиот совет.*

31. <u>ГРЕКО потсетува</u> дека статусот на оваа препорака се смени од делумно спроведена во Првиот извештај за усогласеност, во неспроведена во Вториот извештај за усогласеност. Првично, до Собранието беше поднесен предлог за уставни измени со кои се воведуваше измена на составот на Судскиот совет која предвидуваше укинување на членството на министерот за правда во ова тело. Слични измени на Законот за судски совет беа во фаза на изготвување. По ова, плановите за изменување на Уставот беа откажани, а властите известија дека ја испочитувале препораката лишувајќи го министерот за правда од правото на глас во Судскиот совет (измени и дополнувања на Законот за судскиот совет) и воведувајќи доброволно учество на министрите за правда во двете последни влади во работата на Советот.

32. <u>Властите</u> сега повторуваат дека министрите за правда во последните две влади не учествувале во работата на Судскиот совет. Исто така, влезе во сила и новиот Закон за судски совет, според кој министерот за правда и претседателот на Врховниот суд имаат право да членуваат во Советот без право на глас и не смеат да учествуваат на седниците на Советот на кои се разгледува утврдувањето одговорност, изборот или разрешувањето на судија/претседател на суд.

33. Како и претходно, <u>ГРЕКО</u> жали што планот за отстранување на министерот за правда од составот на Судскиот совет преку уставни реформи е откажан. Неодамна усвоената регулатива не ја менува суштината на состојбата. Можното политичко влијание од страна на министерот за правда дури и без право на глас или формално присуство на состаноците беше темелно документирано во Извештајот за евалуација (сп. став 100 и 118). Во отсуство на конкретни планови за спроведување на оваа препорака, останува претходната оценка на ГРЕКО по ова прашање.

34. <u>ГРЕКО заклучува дека препораката v и понатаму останува неимплементирана.</u>

**Препорака vii.**

35. *ГРЕКО препорача да се преземат соодветни мерки во насока на јакнење на независноста, непристрасноста и интегритетот на судиите поротници, меѓу другото, преку воведување на специфични упатства и обуки за прашањата на етика, очекувано однесување, спречување на корупција и судир на интереси и други поврзани прашања.*

36. ГРЕКО потсетува дека оваа препорака беше делумно спроведена. Властите посочија на Програмата за обука на судии поротници која ја спроведуваше Академијата за судии и јавни обвинители, а која вклучуваше посебен модул за етика и на кој присуствуваа 183 судии-поротници во 2017 година. Од друга страна, плановите за воведување други подобрувања беа откажани, а истите предвидуваа воведување полагање на психолошки и тестови за интегритет и проширување на Кодексот на судиска етика со цел да ги опфати и судиите поротници.

37. Властите сега известуваат дека се влезени во сила измените и дополнувањата на Законот за судови, со кои Кодексот на судиска етика се проширува и на судиите-поротници. Нацрт-законот за Академија за судии и јавни обвинители, кој се наоѓа во собраниска постапка, предвидува задолжителна континуирана обука на судиите-поротници. Специјализирана програма за обука на судии-поротници била усвоена од Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители во април 2019 година и присуството на неа е задолжително. Меѓу јуни 2018 и јуни 2019 година, 99 новоизбрани судии поротници учествувале на специјализираната обука. Во октомври 2019 година биле организирани сесии за обука за судир на интереси, антикорупциски мерки, етика и етички кодекс за 11 судии-поротници, а таква обука се планира да се одржи и во 2020 година за нови и сегашни судии поротници.

38. ГРЕКО го поздравува спроведувањето на низа мерки насочени кон зајакнување на независноста, непристрасноста и интегритетот на судиите-поротници. Таквите вклучуваат конкретно насочена задолжителна обука и проширување на Кодексот на судиска етика со што истиот ќе ги опфаќа и судиите-поротници. Имајќи ги предвид опсежната обука како и иницијативите за подигање на свеста, за кои беше известено во претходните фази на постапката за усогласеност, ГРЕКО смета дека барањата од оваа препорака се исполнети.

39. ГРЕКО заклучува дека препораката vii е имплементирана на задоволително ниво.

**Препорака xi.**

40. *ГРЕКО препорача да се развијат правила и водичи за судиите во однос на прифаќањето на подароци и други предности и примената на овие правила соодветно да се мониторира*

41. ГРЕКО потсетува дека оваа препорака беше делумно спроведена во Вториот извештај за усогласеност. Иако беше усвоен „Практичен водич за Кодексот на судиска етика", загриженоста која стои во основата на оваа препорака не беше отстранета. Што се однесува до доследното следење, вистинската улога и активностите на новосоздаденото тело, т.е. Советодавното тело за судиска етика, требаше да се оценат кога ќе станат достапни поконкретни информации. ГРЕКО ги поздрави до одредена мера напорите во насока на обезбедување обука на која на судиите и обвинителите им се посочуваат различните

ограничувања кои беа веќе во сила во врска со подароците и другите предности.

42. Властите сега се повикуваат на новиот Кодекс за етика на судиите и судиите-поротници усвоен од Врховниот суд во септември 2019 година и неговите одредби со кои се забрануваат подароци, се утврдува прагот на вредност за прифатливи протоколарни подароци, се пропишува начин за управување со таквите подароци (нивна регистрација и проценка), се дефинираат материјалните подароци и се формира Советодавно тело за судиска етика при Здружението на судии, кое, меѓу другото, е овластено да дава советодавни мислења за усогласеност со Кодексот и да ги централизира податоците за прифатените протоколарни подароци. Во февруари 2020 година, Советодавното тело усвои Прирачник за примена на Кодексот, кој беше веднаш објавен на официјалната веб-страница на Здружението.

43. ГРЕКО е задоволно што новиот Кодекс за етика на судиите и судиите поротници воведува јасни правила за прифаќање подароци и други предности. Сите подароци, услуги и други придобивки и предности, без разлика дали се материјални или нематеријални, се забранети, со исклучок на протоколарните подароци добиени за време на официјални посети, приеми и прослави во случај ако нивната вредност не надминува 3 000 денари/приближно 50 евра во една календарска година. Дефинирани се материјалните подароци, нематеријалните придобивки и протоколарните дарови. Претседателите на судовите треба да водат регистар на прифатени протоколарни подароци и да испраќаат податоци во врска со истите до Советодавното тело за судиска етика и до Државната комисија за спречување на корупција. Дополнителни упатства, објаснувања и практични примери се дадени во придружниот прирачник. Тој содржи изрична обврска судиите да пријавуваат пред претседателите на судовите прифатени протоколарни подароци и секој суд да воведува внатрешни правила за пријавување на подароци. Приложени се примероци од образец за пријавување подароци и барање за мислење од Советодавното тело за судиска етика. ГРЕКО прифаќа дека, земени заедно, овие правила воспоставуваат обврска за претседателите на судовите да го следат придржувањето на судиите кон правилата за пријавување подароци. Затоа, ГРЕКО заклучува дека се исполнети сите барања од препораката.

44. ГРЕКО заклучува дека препораката xi е имплементирана на задоволително ниво.

**Препорака xii.**

45. *ГРЕКО препорача (i) дисциплинските повреди кои важат за судиите јасно да се дефинираат и опсегот на санкции да се прошири со цел да се обезбеди поголема пропорционалност и (ii) разрешувањето на судија да биде возможно само за најсериозните видови на повреди со цел да се спречи можноста судијата да биде разрешен само доколку се утврди дека една од неговите одлуки го прекршува правото на судење во разумен*

46. ГРЕКО потсетува дека оваа препорака беше делумно имплементирана во Вториот извештај за усогласеност. При усвојувањето на Првиот извештај за усогласеност, ГРЕКО го разгледа Нацрт-законот за судови, одобрен од Владата, кој се однесуваше на првиот дел од препораката, а до одреден степен и на вториот дел од истата. Во фаза на усвојување на Вториот извештај за усогласеност, беше разгледан друг Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите (веќе во сила), кој беше различен од претходно спомнатиот нацрт. ГРЕКО посочи на премногу нејасната дефиниција за дисциплински повреди кои важат за судиите, што оневозможи да се исполни

првиот дел од препораките. Во однос на вториот дел од препораките, Законот за судови заедно со измените и понатаму ги предвидуваше ситуациите кои во препораката се препорачува да се укинат.

47. Властите сега се повикуваат на нов Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите (Службен весник бр. 96 од 17 мај 2019 година), кој прави разлика меѓу два вида на дисциплински повреди/постапки: i) повреди што резултираат со дисциплинска мерка и ii) повреди кои резултираат со разрешување на судијата. Основите за првите (член 77) се: 1) помалку сериозно нарушување на јавниот ред и мир или друга помалку сериозна повреда што го нарушува угледот на судот и судијата; 2) употреба на функцијата или угледот на судот за остварување лични интереси; 3) неизвршување на менторски задачи; 4) повреда на правилата за отсуство од работа; 5) неприсуствување на континуирана обука; и 6) неносење на судиска облека. Применливи дисциплински мерки се писмено предупредување, јавна опомена и намалување на месечната плата на судијата од 15 до 30% за период од еден до шест месеци.

48. Судија може да биде разрешен (член 74) поради „сериозни дисциплински повреди со кои ја дискредитирал на судиската функција" и „непрофесионално и несовесно вршење на судиската функција". „Потешки дисциплински повреди" (член 75) опфаќаат: а) сериозно нарушување на јавниот ред и мир и други посериозни видови на повреди што го нарушуваат угледот на судот и судијата; б) грубо влијание/мешање во вршењето на судиската функција на друг судија; в) непријавување имотна состојба или пријавување состојба која во голема мера е лажна; и г) очигледна повреда на правилата за изземање при која судијата знаел или требало да знае за неговото/нејзиното изземање како што е предвидено со закон.

49. „Нестручно и неетичко извршување на судиската функција" (член 76) се состои од: 1) две неоправдани последователно незадоволителни оценки по сопствена вина на судијата; 2) осудување со правосилна судска пресуда на казна помала од безусловна затворска казна од најмалку шест месеци затвор како директен резултат на извршување на судиската функција, намерно или со свесна небрежност; 3) откривање на доверливи информации; 4) неоправдано незакажување рочишта за доделени предмети или одложување на постапката на друг начин; 5) истекување на рокот на застареност на дело за кривично гонење или изрекување казни поради непостапување по предмет; 6) работа на предмет што не е доделен преку системот за автоматско управување со судски предмети; и 7) намерно и неоправдано правење на крупна професионална грешка, при што различното толкување на правото и фактите не може да претставува основ за утврдување на одговорност на судијата.

50. ГРЕКО го зема во предвид Законот за судови изменет во 2019 година, со кој се реформираат дисциплинските механизми. За поздравување се напорите кои се направени во насока на разјаснување на дисциплинските прекршоци што важат за судиите во рамките на двата вида на дисциплински постапки (за дисциплинирање и за разрешување на судија), како и на избегнување на паралелизам и преклопувања, што е потврдено со Мислењето бр. 944/2018 на Венецијанската комисија. Конкретно, вреди да се одбележи дека се укинати одредбите што дозволуваа разрешување на судија врз основа на тоа дека истиот не ја применил судската пракса на Европскиот суд за човекови права или дека одлуките на судијата довеле до повреда утврдена од страна на Европскиот суд за човекови права. Сепак, значајни барања од двата дела на препораката не се исполнети. Опсегот на казнени мерки не е проширен за да се обезбеди подобра пропорционалност и е ист како тој кој е опишан во Извештајот за евалуација (сп. став 158). Покрај тоа, не се доставени докази

кои би ја остраниле загриженоста на ГРЕКО во врска со практичното спроведување на односниот закон, а особено за отсуството на пропорционалност кај Судскиот совет во дисциплинските постапки против судии, како и за политичките притисоци кои се вршат со цел разрешување на одредени судии (сп. став 168 од Извештајот за евалуација).

51. <u>ГРЕКО заклучува дека препораката xii останува делумно имплементирана.</u>

*<u>Спречување на корупција кај обвинителите</u>*

**Препорака xiv.**

52. *ГРЕКО препорача да се воспостави сет на јасни стандарди/кодекс на професионално однесување, придружен со објаснувачки коментари и/или практични примери, кои ќе се применуваат на сите обвинители.*

53. <u>ГРЕКО потсетува</u> дека оваа препорака беше делумно спроведена во Вториот извештај за усогласеност. При усвојувањето на Првиот извештај за усогласеност, беше земен предвид новиот Етички кодекс на јавните обвинители кој беше усвоен во 2014 година и важеше за сите обвинители. Содржината на овој Кодекс беше оценета како премногу општа а отсуствуваа и објаснувачки коментари. Во фаза на Вториот извештај за усогласеност, беа разгледани Насоките за практична примена на Кодексот кои беа усвоени во 2018 година. Овие се разликуваа од претходно разгледаните Кодекси (еден од 2014 година и еден од 2004 година - анализирани во Извештајот за евалуација). Во однос на Кодексите, се добија контрадикторни информации за тоа на кои обвинители се однесуваат истите (на сите обвинители или само на членовите на Здружението на обвинители). Кога станува збор за Насоките, ГРЕКО не прифати дека тие ја збогатиле вредноста на Етичкиот кодекс.

54. <u>Властите</u> посочуваат дека, со цел да се надмине постоењето на два одделни етички кодекси, во февруари 2019 година, Собранието на Здружението на јавни обвинители (СЗЈО) го укинал Кодексот од 2004 година и тој бил отстранет од веб-страницата на ЗЈО. Единствениот применлив кодекс кој се применува сега е усвоен од страна на државниот обвинител во 2014 година. Во април 2019 година, овој кодекс е изменет, вметнувајќи, меѓу другото, нови членови за судир на интереси (нов член 4-а) и подароци (член 6). Во врска со објаснувачките коментари, властите се повикуваат на истите Упатства што беа разгледани во Вториот извештај за усогласеност.

55. <u>ГРЕКО</u> е задоволен што сега е во сила единствен етички кодекс кој го регулира однесувањето на сите обвинители, а кој е изменет и дополнет на начин на кој во него, меѓу другото, се вметнати судирот на интереси и подароците. И покрај тоа, изменетиот Кодекс и Упатствата, кои содржат некои свои етички стандарди, не се усогласени[5], а грешките[6] и недостатоците во Кодексот не се коригирани на начинот што е предвиден во Упатството (на пр. за хонорарно работно ангажирање). Поимот судир на интереси не е дефиниран. Правилата за подароци, освен Кодексот и Упатствата, исто така се наведени и во внатрешните правилници (сп. Препорака xv). Конечно, заклучокот е дека постоењето на низа недоследни правила за професионалното вршење на

[5] На пример, новиот член 4-а во Кодексот е земен од Насоките и сега истиот текст може да се најде и во двата документа.

[6] На пример, Кодексот содржи одредба (член 8), според која „однесувањето и личниот изглед на обвинителите на и надвор од работа“ треба да се регулираат со посебен кодекс, кој не е изготвен.

обвинителската должност продолжува да биде причина за загриженост, а целите за постигнување разбирливост и јаснотија во применливите стандарди и нивното толкување кои ги бара оваа препорака не се целосно исполнети. Итноста за постигнување усогласеност е засилена со невиденото значење на интегритетот на обвинителите за националната агенда, предизвикано од откривањето на т.н случај „Рекет" во јули 2019 година. Овој случај предизвика оставка и притвот на шефот на Специјалното јавно обвинителство, за кој беше подигнато обвинение за корупција и организиран криминал, и кој ја дискредитираше работата на ова Обвинителство[7] и предизвика, меѓу другото, предвремени парламентарни избори во 2020 година.

56. ГРЕКО заклучува дека препораката xiv останува делумно имплементирана.

**Препорака xv.**

57. *ГРЕКО препорача да се воспостави сет на јасни стандарди/кодекс на професионално однесување, придружен со објаснувачки коментари и/или практични примери, кои ќе се применуваат на сите обвинители.*

58. ГРЕКО потсетува дека оваа препорака беше делумно спроведена во Вториот извештај за усогласеност. При усвојувањето на Првиот извештај за усогласеност, ГРЕКО призна дека Етичкиот кодекс на јавните обвинители од 2014 година содржи елаборирани одредби за подароците, со пропишани забрани со кои се регулира кога тие може да претставуваат пречка за непристрасноста и објективноста, особено во однос на странките во постапките. Кодексот предвидуваше и надзорен механизам под надлежност на Етички совет назначен од државниот обвинител. Вредноста која ја додадоа новите правила беше ограничена како резултат на недостатокот на практични насоки, неколкуте недоречености (на пр. за гостољубивоста) и недоволните информации за вистинските надлежности и функционирањето на Советот. Во фазата на Вториот извештај за усогласеност, ГРЕКО ги анализираше Упатствата за практична примена на Кодексот усвоени во 2018 година, кој содржеше правила за прифаќање подароци, гостољубивост и други предности. Како што беше веќе посочено погоре, ГРЕКО не беше убеден дека тие претставуваат такви практични насоки кон кои што цели препораката, бидејќи тие претставуваа само дополнување на постојните стандарди, наместо толкување на истите.

59. Властите сега се повикуваат на измените и дополнувањата на Етичкиот кодекс од 2014 година и на новиот „Правилник за начинот на располагање со и евидентирање на подароци добиени на протоколарни настани", усвоени од страна на државниот обвинител во 2019 година. Новите правила забрануваат прифаќање на подароци, при што единствениот исклучок се однесува на протоколарните настани (дефинирани) на кои може да се разменуваат подароци што не надминуваат вредност од 100 ЕУР во една календарска година. Таквите подароци треба да се проценат и впишат во регистарот што го води секое обвинителство. Канцеларијата на државниот обвинител треба да биде известена за добиените подароци со поголема вредност од 100 ЕУР и истите да се регистрираат во Управата за јавни приходи. Со измените и дополнувањата на Членот 26 од Кодексот, сега се предвидува повисоките обвинителства да можат да се повикуваат на известувањата на Етичкиот совет заради покренување дисциплинска постапка против обвинители. Членовите на

---

[7] http://www.gazetatema.net/en/north-macedonias-zaev-denies-involvement-in-the-racket-affair/, https://china-cee.eu/2019/10/11/north-macedonia-political-briefing-the-racket-case-and-its-political-consequences/

Советот беа назначени во февруари 2019 година и оттогаш истиот постапуваше по пет случаи кои се однесуваа на осум обвинители. Се покажа дека однесувањето на пет обвинители било спротивно на начелата наведени во Кодексот.

60. ГРЕКО жали за умножувањето на правилата за подароци, кои покрај Етичкиот кодекс и Упатствата од 2014 година, сега вклучуваат и внатрешен Правилник. Ова не појаснува кои стандарди се применуваат во различни конкретни ситуации. На пример, додека Правилникот е јасен и прецизен и дозволува само прифаќање на протоколарни подароци со вредност под 100 ЕУР од страна на обвинителите, Кодексот и упатството предвидуваат други правила. Понатаму, според Упатството (член 6), се чини дека за Канцеларијата на Главниот обвинител се применува посебен Правилник за протоколарни подароци и на пр. со него му се дозволува на јавниот обвинител да разменува протоколни подароци во вредност што не надминува *една просечна плата*. Во однос на надзорната улога на Етичкиот совет, не е јасно дали тој треба да го следи почитувањето на Правилниците и, пошироко, како тој би се справил со надгледувањето на придржувањето кон различните пакети на правила. Конечно, дури и во ситуации кога се утврдени повреди, неговите наоди не би предизвикале автоматски дисциплински постапки против обвинител.

61. ГРЕКО заклучува дека препораката xv останува делумно имплементирана.

**Препорака xvi.**

62. *ГРЕКО препорача да се ревидира дисциплинскиот режим кој се применува за обвинителите со цел (1) јасно да се дефинираат повредите и (2) да се прошири опсегот на санкциите со цел да се постигне поголема пропорционалност а особено да се обезбеди да разрешувањето на обвинителите биде возможно само за најсериозните случаи на повреди.*

63. ГРЕКО потсетува дека оваа препорака не беше имплементирана. Постапката за изготвување на нов Нацрт-закон за јавно обвинителство, кој ги опфаќа и горенаведените прашања, беше продолжена двапати и, при усвојувањето на Извештајот за усогласеност и Вториот извештај за усогласеност на ГРЕКО, сè уште беше во рана фаза.

64. Властите сега известуваат дека дисциплинскиот режим што се применува за обвинителите е регулиран со новиот Закон за јавно обвинителство, донесен во февруари 2020 година. Тој утврдува јасни и предвидливи основи за дисциплинска одговорност на обвинителите, кои се засновани врз принципот на пропорционалност и предвидува соодветни дисциплински мерки. Дисциплинските прекршувања се поделени во две категории: лесни и тешки. Отпуштањето е можно само кај сериозни дисциплински повреди и членство во политичка партија. За лесни дисциплински прекршоци се предвидени следниве мерки: писмено предупредување и намалување на месечниот надомест на обвинителот до 15% за период од еден до шест месеци. За сериозни дисциплински повреди се предвидува намалување на месечниот надомест на обвинителот од 15 до 30% за период од еден до шест месеци, како и разрешување.

65. ГРЕКО го поздравува усвојувањето на новиот Закон за јавно обвинителство, со кој се разјаснети дисциплинските прекршоци што се применуваат на обвинителите, а кои се во линија со правилата кои се применуваат кај судиите (сп. Препорака xii). ГРЕКО е задоволно со податокот дека отпуштањето е можно само при најсериозните случаи на сторени намерни повреди или поради груба небрежност. Сепак, во споредба со ситуацијата опишана во Извештајот за

евалуација[8], се предвидува намалување, наместо проширување на опсегот на достапни санкции за дисциплински повреди извршени од страна на обвинителите. Во таа насока, ГРЕКО заклучува дека препораката е делумно имплементирана.

66. ГРЕКО заклучува дека препораката xvi е делумно имплементирана.

*Спречување на корупцијата кај сите категории*

**Препорака xviii.**

67. *ГРЕКО препорача да се воспостават соодветни правни, институционални и оперативни мерки кои ќе обезбедат попродлабочено испитување на изјавите за интереси и анкетните листови поднесени од страна на членовите на Собранието, судиите и обвинителите, особено со реструктурирање на процесот на верификација под водство на Државната комисија за спречување на корупција.*

68. ГРЕКО потсетува дека оваа препорака беше делумно имплементирана во Вториот извештај за усогласеност. При усвојувањето на Првиот извештај за усогласеност, ГРЕКО ги поздрави мерките за зголемување на капацитетот на Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) за проверка на пријавите за имотна состојба и изјавите за интереси, вклучително и воспоставувањето регистар на јавни фукционери за кои важи обврската за јавно изнесување на таквите податоци, воведување на специфични ИТ решенија, стандардизирани формати и меѓусебна поврзаност со други агенции. Во фазата на усвојување на Вториот извештај за усогласеност, ДКСК сè уште работеше на спроведувањето на гореспоменатите барања.

69. Властите сега се повикуваат на нови карактеристики на системот за надзор на интересите и имотната состојба на јавните фукционери воведени со новиот Закон за спречување корупција и судир на интереси. Двата претходни документи за известување (изјава за интереси и анкетен лист за пријавување на имотна состојба) се заменети со една пречистена изјава која треба да се поднесе единствено до ДКСК (Управата за јавни приходи повеќе не е примател). Постапката за започнување на проверка на изјавите - доколку постои основано сомневање дека имотот на функционер несразмерно се зголемил во споредба со неговиот/нејзиниот редовен приход или приходите на на членовите на неговото/нејзиното семејство - е пренесена од Управата за јавни приходи во ДКСК. Оваа постапка вклучува истрага на засегнатиот функционер и испраќање барања за задолжителни информации до други тела во државната и локалната самоуправа, банки и други финансиски институции, физички и правни лица. Денес ДКСК ужива електронски пристап до базите на податоци на 17 институции/регистри и е надлежна да истражува членови на семејствата и блиски лица на функционерите. Доколку во постапката за испитување не се докаже дека имотот е стекнат/зголемен со приход што е пријавен и оданочен, ДКСК треба да побара поведување на кривична постапка до надлежното обвинителство и да го извести работодавачот на предметниот функционер.

70. На 8 февруари 2019 година, беа избрани членовите на ДКСК во согласност со новите правила (сп. Препорака xix). Меѓу февруари и септември 2019 година, новата ДКСК наводно ги проверила изјавите на 89 функционери и го испитала

[8] За време на евалуацијата, во сила беа следниве санкции: писмено предупредување, јавна опомена, намалување на плата во износ од 15 до 30% од месечната плата на обвинителот за период од еден до шест месеци, суспензија и разрешување (сп. став 235).

имотот на девет функционери, вклучувајќи и пет судии (еден од нив претседател на Врховниот суд). Според властите, изјавите на пратениците и судиите ќе бидат под лупа во иднина заедно со оние на членовите на сегашната и претходната влада, како и на директорите и замениците на директорите на сите јавни претпријатија на централно ниво и на некои други групи на функционери.

71. ГРЕКО го забележува новиот Закон за спречување корупција и судир на интереси, кој, на хартија, ја пречисти и насочи проверката на интересите и имотот на јавните функционери. ДКСК е надлежен за постапката. Нејзините институционални и оперативни капацитети се зајакнати со тоа што ја овластуваат да ги адресира задолжителните барања за информации, меѓу другите, и до банките и финансиските институции и да испитува трети лица (сопружници и роднини) кои на тој начин се интегрираат во системот за поднесување изјави. Сомнежите во врска со делотворноста на надзорот врз содржината на изјавите, нивниот квалитет и точност сепак остануваат[9]. Горенаведените статистички податоци всушност не покажуваат дека во пракса се спроведува подлабок надзор на изјавите во однос на трите професионални групи, особено пратениците. Во отсуство на такви податоци, како и на оние за вистинска усогласеност, или откривање на неточни и нецелосни изјави и изрекување на казни како што предвидуваат правилата, ГРЕКО не може да заклучи дека сите елементи на оваа препорака се соодветно исполнети.

72. ГРЕКО заклучува дека препораката xviii останува делумно имплементирана.

**Препорака xix.**

73. *ГРЕКО препорача (i) да се зголемат финансиските и кадровските ресурси на Државната комисија за спречување на корупција во областите на судир на интереси, лобирање и анкетни листови, како приоритетно прашање и (ii) Комисијата да демонстрира побалансиран и проактивен пристап во овие области.*

74. ГРЕКО потсетува дека оваа препорака беше делумно имплементирана во Вториот извештај за усогласеност. Првиот извештај за усогласеност заклучи дека финансиските и кадровските ресурси на Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК), вклучително и платите, биле зголемени и затоа првиот дел од препораката се смета за имплементиран. Во однос на вториот дел од препораката, не беа разрешени основните проблеми како што се недостатокот на проактивност, приоретизирање и непристрасност на ДКСК, и ризиците од мешање во нејзината работа како резултат на отсуството на критериуми за разрешување и назначување на нејзините членови. При усвојувањето на Вториот извештај за усогласеност, ГРЕКО сметаше дека доставените податоци се премногу општи или се со премногу ограничена вредност за да се изврши соодветна анализа.

75. Властите сега посочуваат дека новиот Закон за спречување на корупција и судир на интереси (ЗСКСИ) обезбедува подобри заштитни мерки за непристрасност на ДКСК како што се критериумите за назначување членови коишто се засновани на заслуги (член 11), отворена и транспарентна постапка за избор (член 12) и основите за разрешување и престанок на функцијата (член 14). Кандидатите, меѓу другото, треба да имаат најмалку 10 години работно искуство во спречување на корупција, владеење на правото и добро

---

[9] ГРЕКО потсетува дека, за време на евалуацијата, беше направен само површен преглед на содржината на анкетните листови за пријавување имотна состојба, а следењето на придржувањето кон обврската за пријавување на промени во имотот или во имотот на членовите на семејството се појави како предизвик (сп. ставови 71 и 72 од Извештајот за евалуација).

владеење и да не бидат пратеници, членови на влади или партиски функционери. Комисијата за избор што ќе ја формира Собранието, треба да вклучува, покрај парен број претставници на владејачката и опозициската партија (вкупно четири), и претставници на Народниот правобранител (1) и граѓанското општество (2). Резултатите од средната фаза од постапката за избор треба да бидат објавени и треба во живо да се емитуваат интервјуа со кандидатите кои влегле во најтесниот круг на избо,р со претставници на медиумите, на телевизискиот канал на Собранието.

76. Од нејзиното назначување во февруари 2019 година, ДКСК покрена 710 случаи по службена должност или врз основа на жалби од физички и правни лица. Зголемувањето на бројот на поплаки од граѓаните и регистрирањето на 17 известувања за укажувачи (првите извештаи од ваков вид – од кои сите вклучуваат и барања за заштита - од влегувањето во сила на соодветниот закон во 2016 година) ја потврдува, според мислењето на властите, зголемената доверба на јавноста во работата на ДКСК. Беа донесени одлуки за 100 случаи поврзани со корупција. Барањата беа поднесени до надлежните органи на како што следи: повикување на одговорност на јавни функционери - во девет случаи и повикување на кривична одговорнст на јавни функционери - во пет случаи. Во истиот период, 57 случаи поврзани со корупција се покренати во врска со претседателските и локалните избори во 2019 година. Како резултат на тоа, беа поднесени пет барања до надлежните органи за поведување прекршочни постапки во согласност со Изборниот законик и ЗСКСИ. Покрај тоа, постапките на ДКСК во однос на непотизмот (сп. Препорака iv) поттикнаа повеќе лица поврзани со високи функционери да се откажат од вработување. ДКСК сега подготвува предлози за изменување и дополнување на законите за вработување со цел да се ограничи дискрецијата во постапките за вработување.

77. <u>ГРЕКО</u> е задоволно што новиот Закон за спречување на корупција и судир на интереси суштински ја ревидираше регулацијата на условите за избор, именување и разрешување на членови на ДКСК. Се чини дека независноста и професионалноста на ова тело се засилени и можностите за мешање во неговата работа се намалени. Статистичките податоци кои ги доставија властите исто така потврдуваат дека ДКСК покажала проактивен, но исто така и поурамнотежен пристап преку водење случаи кои доаѓаат од широк спектар на политички субјекти.

78. <u>ГРЕКО заклучува дека препораката xix е имплементирана на задоволителен начин.</u>

## III. <u>ЗАКЛУЧОЦИ</u>

79. **Со оглед на горенаведеното, ГРЕКО заклучува дека Северна Македонија задоволително спровела или се справила на задоволителен начин со деветнаесет препораки содржани во Извештајот од четвртиот круг на евалуација. Од преостанатите препораки, осум се делумно спроведени и две воопшто не се спроведени**.

80. Поконкретно, препораките vi, vii, viii, ix, x, xi, xiii, xvii, xvii и xix се имплементирани на задоволително ниво или на задоволителен начин, препораките i, ii, iv, xii, xiv, xv, xvi и xvii се делумно имплементирани, а препораките iii и v не се имплементирани.

81. Во општи црти, направени се забележителни напори од страна на властите со цел да се изменат и дополнат законските рамки од важност за оваа евалуација. Во одредени аспекти, сепак, напредокот сè уште останува делумен бидејќи

голем број недостатоци треба допрва да се решат и останува да се види постојана практична примена на новите правила. За пратениците, изменетиот Кодекс за етичко однесување не пропишува конкретно однесување за разни ситуации на судир на интереси и интеракција со лобисти, а неговите одредби за подароци не се рационализирани. Санкциите за кршење на Кодексот се проширени, но нивното изрекување е надлежност на органот за надзор, а нивната разубедувачка моќ за вршење вакви дела е сомнителна. Исто така, додека новиот Закон за спречување на корупција и судир на интереси (ЗСКСИ) санкционира одредени прекршоци, други се изоставени и не се презентирани доследни и убедливи податоци за конечни исходи од постапки против пратеници или за казните кои се применети во согласност со правилата.

82. Во однос на судството, едно од достигнувањата се однесува на судиите поротници. Може да се очекува дека проширувањето на Кодексот за етика за судии на судиите-поротници и организацијата на серија на конкретни сесии задолжителна обука, ќе ја зајакне нивната непристрасност и интегритет. Воведувањето на правила и упатства за прифаќање на подароци, гостољубивост и други предности и за судиите и за судиите-поротници е уште еден позитивен развој. ГРЕКО е особено загрижен што претходните намери за официјално отстранување на Министерот за правда од Судскиот совет се напуштени. Исто така, и покрај напорите во насока на разјаснување на дисциплинските прекршоци што се применуваат и на судиите и на обвинителите, кои се за поздравување, опсегот на санкции што се применуваат на нив не е проширен за да се обезбеди подобра пропорционалност. Кога станува збор за обвинителите, постоењето на повеќе несоодветни правила за однесување и понатаму останува извор на загриженост.

83. Што се однесува до системот за пријавување на интереси и имотна состојба, ГРЕКО го поздравува значително зајакнатото регулирање на условите за избор, именување и разрешување на членови на Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) коешто е воведено со новиот закон (ЗСКСИ) а кој ќе поседува потенцијал за засилување на независноста и професионалноста на ова тело. На хартија, рационализирана е проверката на интересите и имотната состојба и се покажува поврамнотежен пристап во однос на случаи од целокупниот политички спектар. Сепак, останува да се види дека се спроведува подлабок надзор врз изјавите во пракса во однос на трите професионални групи што се разгледуваат.

84. Со оглед на постигнатите достигнувања наведени горе, ГРЕКО заклучува дека сегашното ниво на усогласеност со препораките веќе не е „генерално незадоволително" во смисла на изменетото и дополнето правило 31, став 8.3 од Деловникот. Според тоа, ГРЕКО одлучи <u>да не продолжи</u> да го применува правилото 32 во врска со членките кои не се придржуваат кон препораките содржани во Извештајот за евалуација.

85. Во примена на став 8.2 од изменетиот и дополнет член 31 од Деловникот, ГРЕКО бара од шефот на Делегацијата на Северна Македонија да обезбеди извештај за мерките преземени за имплементирање на преостанатите неисполнети препораки (имено, препораките i-v, ix-xii, xiv-xvi и xviii) најдоцна до <u>30 септември 2021 година</u>.

86. Конечно, ГРЕКО ги поканува властите на Северна Македонија што е можно поскоро да го одобрат објавувањето на Извештајот, да го преведат истиот на националниот јазик и да го објават преводот.